РЦЗ ДЕЛЧЕВО

# СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР СО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# 2024 -2028



Funded by the European Union

EU with YOU

EU for Civil Resilience

**Име на проект:**
**„Силни организации за одржлив локален развој“**

**Носител на проектот:**
**Регионален центар за застапување - Делчево**

**Овој документ е изготвен со поддршка од програмата Механизам за граѓанска отпорност што се финансира од Европската Унија. Содржината е исклучива одговорност на Регионалниот центар за застапување Делчево и не мора задолжително да ги одразува ставовите на Европската Унија“**

**Декември 2023**

**Регионалниот центар за застапување како долгогодишен застапувач на потребите на граѓаните од Делчево и регионот и кој повеќе од една деценија развива предлози и проекти за подобрување на нивниот квалитет на живот, ја увиде и потребата која тие ја имаат за подобрување на соработката со локални институции кои се клучни во решавањето на нивните проблеми и предизвици. Во таа насока, очекувањата се овој четиригодишен стратешки документ, кој содржи низа препораки и детално разработен акциски план по области, да биде позитивно прифатен и да ги стави во функција сите предвидени активности за остварување на зацртаните цели.**

**Со почит,**

**Регионален центар за застапување Делчево**

**СОДРЖИНА**

***1. ВОВЕД***

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ: ....................................................................................................4

ВОВЕД И ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТОТ: …......................................................3

ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2024– 2028 г. /чекори/..................................4

ЛИСТА НА КРЕАТОРИ НА ДОКУМЕНТОТ: ........................................................................7

***2. СТРАТЕШКИ ПРИСТАП***

СОСТОЈБИ ЗАКЛУЧНО СО ДЕКЕМВРИ 2023.......................................................................7

ВИЗИЈА: ..................................................................................................................**Error! Bookmark not defined.**

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ (ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ) ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ: ................8

СВОТ (SWOT) анализа.....................................................................................................9

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ: ............................................................**Error! Bookmark not defined.**

АКТИВНОСТИ, МЕРКИ, МОЖНИ ПРОЕКТИ: ..........................................................................**Error! Bookmark not defined.**

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕХОТ: ............................................................**Error! Bookmark not defined.**

БУЏЕТ: ..................................................................................................................**Error! Bookmark not defined.**

***3. ПРЕПОРАКИ ЗА УСПЕШНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА***

***4. ПЛАН ЗА АКЦИЈА***

ТАБЕЛИ ПО ОБЛАСТИ  НА ДЕЛУВАЊЕ: ...........................................................................25

## Листа на кратенки

**ГС** Граѓански сектор

**ЕК** Европска комисија

**ЕЛС** Единица на локалната самоуправа

**ЕУ** Европска Унија

**ЗГ** Здружение на граѓани

**ИКП** Избалансирана карта на показатели

**ИКТ** Информациско-комуникациски технологии

**НВО** Невладина организација

**ПЕСТ** Политичко-легислативна, економска, социјална и технолошка анализа

**РСМ** Република Северна Македонија

**SWOT** Анализа на јаките и слабите страни, можностите и заканите

**ООН** Организација на обединетите нации

**ЕЕ** Енергетска ефикасност

**РЦЗ** Регионален центар за застапување Делчево

## Вовед и основа за подготовка на документот

Креирањето и одржувањето на институционалните механизми за соработка на граѓаните со државните и локалните органи и тела, особено во процесите на креирање на локалните политики, ја дава основата на партиципативната демократија. Вклучувањето на јавноста во креирањето на локалните политики подразбира и нејзино мобилизирање и создавање услови за изразување на различните мислења и интереси.

Регионалниот центар за застапување Делчево во целост ги препознава важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во Општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата.

Тргнувајќи од овие факти, Регионалниот центар за застапување одлучи да го поттикне граѓанскиот активизам во Општината, да ја унапреди соработката на граѓанските организации со општината и да придонесе кон нивен постојан развој.

Резултат на таа заложба е овој документ „Стратегија за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево 2024-2028“, кој се однесува на соработката со здруженијата и фондациите, како дел од поширокиот граѓански сектор и има за цел да обезбеди инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи во Општина Делчево, како и да создаде предуслови за креирање на ефикасни партнерства заради вклучување на ГС во реализација на проекти и активности кои се предвидени за реализација со овој документ.

Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево е подготвена на консултативен и партиципативен начин со значителна вклученост на граѓанските организации и општинската администрација во периодот октомври - декември 2023 година.

Стратегијата е изработена врз база на:

1. Резултатите од реализираната фокус- група за евалуација на реализацијата на Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево во периодот 2019 – 2023г.;
2. Документите, како што е Извештајот за тековната состојба во Општина Делчево;
3. Стратешката анализа на документите кои се достапни на веб- страницата на Општината;
4. Практичните работилници/консултации за креирање на документот.

Стратегијата е придружена со Акциски план кој содржи конкретни активности со кои ќе се придонесе кон исполнување на утврдените стратешки приоритети и цели во целата општина.

Документот е во согласност со:

- Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2022 – 2024);
- Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2022 – 2024);
- Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија (2011-2014);
- Програмите за развој на Источниот плански регион (три програми) за периодите 2009 – 2013, 2015 -2019 и 2021- 2026 г. и
- Други локални документи од стратешко значење за Општината;

Во документот се користат термини и изрази за граѓанскиот сектор (ГС) кои, во зависност од нивната секојдневна употреба во различни сектори од општеството, можат да доведат до различна перцепција за нив. Општо прифатена правна дефиниција за граѓански организации не постои, меѓутоа според Организацијата на обединетите нации (ООН), граѓанските организации се дефинираат како: „Непрофитни, волонтерски граѓански групи кои се организирани на локално, национално и на меѓународно ниво, со цел да отвораат прашања од јавен интерес. Целно ориентирани и создадени од луѓе со заеднички интереси, тие извршуваат различни услуги и хуманитарни функции, ги застапуваат потребите на граѓаните пред владите, ги следат политиките и спроведувањето на програмите и го поддржуваат учеството на граѓанскиот сектор на ниво на заедницата". Од своја страна, пак, Цивикус 2 го дефинира граѓанското општество како простор меѓу семејството, државата и пазарот, каде што луѓето се здружуваат за да ги остварат своите интереси. Очигледно е дека дефиницијата цели кон тоа да ги вклучи и формалните, но и неформалните здружувања и мрежи. Заради разбирливост и јасна дистинкција на изразите користени во овој документ, треба да се имаат предвид следниве појаснувања:

1. **Граѓанско општество**[1] - формални и неформални граѓански асоцијации, организации и мрежи исклучувајќи ги семејствата, бизнис-секторот, политичките партии и владиниот сектор, а се формираат со цел да ги изразат и остварат заедничките цели и интереси.
2. Организација е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организациски облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани во согласност со одредбите на Законот за здруженијата и фондациите.
3. Организација со статус од јавен интерес е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес во согласност со Законот за здруженијата и фондациите.
4. Граѓански сектор се организациите регистрирани во согласност со Законот за здруженијата и фондациите. Стратегијата ги користи термините граѓански организации, граѓански

[1] Извор: Обединети нации, Канцеларија за соработка со граѓанските организации, Одделение за односи со јавноста.

Цивикус, 2003. Цивикус – Светската алијанса за граѓанско учество е меѓународна граѓанска организација основана во 1993 година со седиште во Вашингтон и во Јоханесбург,чијашто мисија е да ги зајакне граѓанската акција и граѓанското општество во светот

здруженија, граѓанско општество и невладини организации кои реферираат на потесната дефиниција како синоними за здруженијата и фондациите, т.е. со еден збор, граѓанскиот сектор.

5. Засегнати страни - целни групи граѓани, организации и институции кои имаат интерес и влијание во граѓанскиот сектор.
6. Целна група на којашто примарно се однесуваат мерките од оваа Стратегија се сите субјекти формирани во согласност со Законот за здруженијата и фондациите, т.е. граѓанскиот сектор (ГС) кои дејствуваат на подрачјето на Општина Делчево.
7. Општина е единица на локалната самоуправа, заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон.
8. Информациско-комуникациски технологии (ИКТ) - збир од технологии кои се занимаваат со обработка, чување и комуникација на информации вклучувајќи ги и сите видови компјутерски и комуникациски системи.
9. Надлежност е збир на работи од јавен интерес од локално значење кои Општината, во согласност со законот, има право да ги врши на своето подрачје и е одговорна за нивното извршување.

## Опис на процесот за подготовка на Стретегијата за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево за периодот 2024– 2028 г. /чекори/

**Чекор 1. СОЗДАВАЊЕ ТИМ ЗА КРЕИРАЊЕ СТРАТЕГИЈА**

Регионалниот центар за застапување од Делчево спроведе партиципативен и отворен процес што вклучуваше активности кои беа насочени кон формирање тим кој ке биде активен учесник, но и главен креатор како на Стратегијата, така и на Акцискиот план преку кој ќе се имплементира овој документ. Членови на овој тим беа околу 25 лица и во него беа вклучени советници /членови на Советот на Општината/, вработени во општинската администрација, претставници на локални и регионални граѓански здруженија и невладини организации, како и надворешниот стручен консултант.

**Чекор 2. ОРГАНИЗИРАЊЕ ПАРТИЦИПАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ**

За комплетно да се развијат Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево за периодот 2024– 2028 година, вклучително и Акцискиот план за имплементација, Регионалниот центар за застапување -Делчево организираше 4 работилници и една презентација. Првата од

работилниците – фокус- групата за евалуација беше организирана во месецот Октомври, две во ноември и  една во декември 2023. Како основа за создавање на Стратегијата беа искористени повеќе постоечки и достапни за Општината документи, податоци и информации, како и резултатите од евалуацијата на претходната Стратегија за соработка на ГС и Општината Делчево којашто се реализираше на првата работилница организирана во месец октомври 2023.

Притоа беа креирани основата за првиот нацрт на документот, основата за Акцискиот план, првиот нацрт, беа презентирани и ревидирани првите нацрти на Стратегијата и Акцискиот план. Тимот за креирање на Стратегијата предводен од тимот на Регионалниот центар за застапување –Делчево, заедно со креаторите на документот и стручниот консултант, беа изразено ефективни и ефикасни и успешно ги одредија првичните верзии на визијата, обпастите на делување, приоритетите, стратешките и оперативните програмски цели, вклучително клучните активности, а делумно и рокови. Во рамки на процесот се одредија и очекуваните резултати и потенцијалните показатели на успех /индикатори. Буџетот на стратегијата, како неизоставен дел од Акцискиот план, ќе биде дополнително развиен од страна на релевантните структури на Општина Делчево кои се надлежни за финансиското планирање и подготовка на општинските опративни програми. Беше направена и СВОТ /SWOT/ анализа во однос на секоја од 4-те области на делување. Резултатите од оваа анализа се експлицитно претставени во документов и тие се земени предвид. Дел од првичните размислувања и идеи врз основа на оваа анализа беа иземени од страна на креаторите на документов.

**Чекор 3. ПОДГОТОВКА НА ПРВИОТ НАЦРТ**

По реализацијата на работилниците, а врз основа на резултатите од нив, стручниот консултант го разви првиот нацрт кој беше споделен со креаторите кои го разгледаа и понатаму дадоа придонес кон финализирањето, како на Стратегијата, така и на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата.

**Чекор 4. РЕВИЗИЈА И  ФИНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦРТОТ**

По првичната презентација и деталното ревидирање на првиот нацрт-документ од страна на креаторите, јавноста и организациите, стручниот консултант го финализираше документот Стретегијата за соработка со граѓанскиот сектор на Општина Делчево за периодот 2024– 2028 г. заедно со Акцискиот план за имплементација, како нејзин интегриран дел. Документот е изработен во рамките на проектот „Силни организации за одржлив локален развој“ кој е финанциран од ЕУ Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, програмата за непарична поддршка, Механизмот за граѓанска отпорност (МГО), од Регионалниот центар за застапување Делчево кој понатаму е одговорен за иницирање и спроведување на процес на јавна промоција како и официјално усвојување на истиот од страна на Советот на Делчево.

**Листа на лица, претставници на организации и институции, креатори на документот**

1. Даниела Такева, советник за односи со јавност и протокол на Општина Делчево;
2. Кире Цоневски, соработник за превенција при Општина Делчево;
3. Валери Спасевски, ГО- Еколошко друштво „Голак“ и новинар во „Делчево365“ и МИА;
4. Наташа Димитровска, информации и контакт со граѓаните при Општина Делчево;
5. Катерина Трајановска, соработник внатрешен ревизор во Општина Делчево;
6. Ванчо Новоселски, советник за образование во Општина Делчево;
7. Розета Такева, ГО „Жена“;
8. Бети Толевска, ГО „Жена“;
9. Зоран Биковски, ГО; „Жена“;
10. Христина Деолска, ГО „Пијанечки глас“;
11. Перса Стојановска, ГО „Копачка“ ;
12. Љупчо Чучуковски, ПСК „Голак“;
13. Ивана Ивановска, советник за правни работи и застапување во Општина Делчево;
14. Стефанија Стојчевска, советник за администрирање на постапките за јавни набавки при Општина Делчево;
15. Милена Багевска, Општина Делчево;
16. Родне Деолска, ГО РЦЗ Делчево;
17. Тони Стоименовки, ГО РЦЗ Делчево;
18. Сребран Ѓеоргиевски, ГО Здружение на потрошувачи
19. Влатко Мицевски , соработник за информациска технологија при Општина Делчево
20. Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност при Општина Делчево
21. Сузана Петровска, советник за вработување и човечки ресурси во Општина Делчево
22. Марио Вељковиќ, надворешен стручен консултант

## *2. СТРАТЕШКИ ПРИСТАП*

**Состојби заклучно со декември 2023**

### *А. Надворешни фактори*

Со Законот за здруженија и фондации се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на работа на здруженијата, фондациите, сојузите, организациските облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес. Советите на општините имаат обврска поблиску да ги уредат условите за распределба и користење на средствата кои ги трансферираат до организациите и да донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата, како и јавно да ги објават организациите кои добиле финансиски средства на општинската веб- страница. Со Законот се дефинира и статусот на јавен интерес што значи дека организациите можат да се стекнат со статус од јавен интерес доколку вршат дејности од јавен интерес, спроведуваат програми и проекти на централно и/или на локално ниво, самостојно или во соработка со органите на државната управа и органите на општините и користат финансиски средства за реализација на активностите. Првата национална Стратегија за соработка на Владата со граѓанските организации беше усвоена во јануари 2007 година, заедно со Акцискиот план во кој беа разработени специфичните мерки и активности за спроведување на целите на Стратегијата. Според оцените за спроведувањето на оваа Стратегија, едно од клучните достигнувања е „надградбата на правната рамка и неколкуте закони донесени на партиципативен начин“.

Актуелната Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2022-2024) продолжува да иницира промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи меѓу Владата и граѓанскиот сектор. Иако Стратегијата, пред сѐ, се однесува на органите на државната управа на централно ниво, сепак, таа повикува да се поттикне добрата практика на соработка и развој на локалните граѓански организации и да се усвојат механизми за соработка, поддршка и вклучување на граѓанските организации во спроведувањето на активностите на локално ниво.

Најзначајниот регионален стратешки документ во Источниот плански регион, каде што припаѓа Општина Делчево се Програмите за развој на Источниот плански регион (три програми) за периодите 2009 – 2013г., 2015 -2019г. и 2021- 2026г. Од последната Програма може да се види дека граѓанскиот сектор е вклучен во процесот на планирање на регионалниот развој во сите тематски области. Сепак, вклученоста на граѓанскиот сектор во процесот на планирање не придонела за суштински мерки и активности каде што НВО би биле активен фактор во процесот на имплементацијата на Програмата. Исто така, во Програмата нема експлицитна мерка ниту активност со која би се стимулирало или би се подобрило граѓанското учество во носењето на регионалните и/или локалните политики и нивната имплементација.

Голем број на локални документи од стратешко значење ги поседува општината, а граѓанскиот сектор активно учествувал во нивната изработка и во планирањето на мерките и активностите, како и во нивната имплементација.

Одреден број НВО (РЦЗ Делчево, НВО КХАМ, ЗГ „Аронија“, ЗРА „Пијанечки глас“, ЗФГ „Копачка“ – с. Драмче, ЗКУД „Гоце Делчев“ – Делчево, РКЕЦ „Тернипе“ МК – Делчево, ХЗППЛПП-„Бравура кооператива“, ЗМ „Локален младински совет“- Делчево) активно учествувале во изработката на Локалниот акциски план за социјална заштита, како дел од локалната Програма за социјалните потреби на граѓаните од социјална заштита на Општина Делчево (2006), како и Локалниот еколошки акциски план. Уште поважно е дека во најголем број од планираните мерки и активности за спроведување на акциските планови, НВО се едни од главните партнери и/или носители на имплементацијата. Процесите на децентрализација и пристапување на РСМ во Европската Унија (ЕУ), исто така, придонесуваат во дефинирањето на политичко-легислативната рамка. Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Северна Македонија 2011-2014 истакнуваше дека сите предвидени активности имаат за цел да го подигнат институционалното ниво на спроведување на процесот на децентрализација и учеството на клучните фактори, вклучително и граѓанското општество. Иако станува збор за документ и за процеси кои се од суштинско знашење за државата, тие сè уште во целост не се имплементирани. Европската комисија (ЕК) редовно ги следи случувањата со граѓанското општество во РСМ и во годишните извештаи за напредокот во рамките на политичките критериуми за членство посветува поглавје за граѓанското општество.

За Делчево, како и за повеќе други општини од Источниот регион во последните години е карактеристична значителна и забележлива депопулација. Има намален природен пораст на населението, позитивно миграциско салдо и полова избалансираност.

Околу 200 граѓански организации се регистрирани на територија на општина Делчево од кои активни се дваесетина. Најзастапени се оние кои дејствуваат во областите екологија, регионален развој, меѓугранична соработка, социјална инклузија на маргинализирани групи, култура, образование, здравствени и хуманитарни дејности, спорт, земјоделство и други.

Широката распространетост и достапноста на новите медиуми (Фејсбук, Твитер, Фликер, Јутјуб) е лесен, економичен и ефикасен начин за комуникација со граѓаните, за пренесување пораки, документи, фотографии и видеоматеријали, организирање он-лајн разговори, вебинари, форуми и сл. Стратешката анализа покажа дека од надворешните фактори најголемо влијание врз соработката на локалната самоуправа со граѓанскиот сектор имаат политичко-легислативните и

економските фактори, како и воспоставената деловна практика на општинската администрација, како најважен внатрешен фактор.

***Б. Внатрешни фактори***

Во организациската структура на Општината не постои посебен сектор ниту одделение за соработка со граѓанскиот сектор. Сепак, соработката е институционализирана во рамките на Секторот за правни, административни и општи работи како и Одделението за локален економски развој кои се вклучени во активностите за соработка и поддршка на ГС. Редовно се усвојуваат годишни програми за поддршка на граѓанскиот сектор и се одржуваат средби со претставниците на граѓанскиот сектор. Главната цел на програмите е мотивација на невладините организации да работат во интерес на заедницата и да бидат партнер на Општината во креирањето на нејзините развојни политики.

Финансиските средства за поддршка на проектите на здруженијата се планирани со Програмата за Локален економски развој, во износ на 1.500.000 мкд на годишно ниво. Притоа се финансираат здруженијата и фондациите од областа на ЛЕР, културата, образованието, здравствената заштита, заштитата и унапредувањето на животната средина, младите и младинските политики. Исто така, се финансираат и активности од областа и други настани поврзани со спорт, земјоделие, туризам и др. Распределбата на финансиските средства од Буџетот на Општината за поддршка на ГС се врши преку објавување јавен повик за поднесување проекти, во кој се дефинираат областите од интерес, условите и потребните документи за докажување на капацитетот на организациите.

Општина Делчево има изработено стандардизирани формулари со кои граѓанските организации аплицираат за добивање финансиска поддршка за реализација на проекти и програми и тие се јавно достапни на веб-страницата на Општината. Следењето на реализацијата на доделените финансиски средства се врши преку поднесување годишни извештаи кои содржат наративен и финансиски дел, но не постои посебен систем за мониторинг на имплементацијата и евалуација на постигнатите резултати од проектите кои биле финансиски поддржани.

Иако општината остварува високо ниво на соработка со ГС, сепак не постојат официјални процедури за соработка, ниту пак локални политики за стимулирање на вклученоста на ГС во носењето на локалните политики. На ад-хок основа, Општината редовно соработува со здруженијата во изработката на заедничките проектни апликации и/или реализацијата на проектите финансирани од странски донатори и логистички го поддржува ГС во градењето на капацитетите за изработка на проектни апликациии преку организирање обуки. Најчестите начини за комуникација на општинската администрација со граѓанскиот сектор се јавните трибини, е-маил, телефонските разговори, директните секојдневни контакти, наменските средби со организациите активни во конкретна област, но најчесто се практикува објавување на информациите на веб-страницата на Општината која редовно и навремено се ажурира со информации за активностите на Општината, меѓу кои и оние во интерес на ГС.

Седниците на Советот се јавни и отворени за сите заинтересирани, а службените гласила во целост се објавуваат на веб- страницата и детално ги вклучуваат сите материјали и документи од седниците. Информациите за одржување на седниците на Советот се објавуваат на локалните медиуми и на веб-страницата, каде што се објавува и дневниот ред за секоја седница. Сепак,

Општината сè уште го нема институционализирано присуството на граѓанските здруженија на седниците на Советот.

## Визија

**“Граѓанскиот сектор и локалните јавни институции во општина Делчево заеднички планираат и имплементираат локални јавни политики, програми и проекти во насока на континуиран и одржлив развој и подобар живот на граѓаните“**

## Стратешки приоритети по области на делување

### ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

1. Создавање услови за вработување и кариерен развој на младите;
2. Создавање на повеќе можности за правилно исполнување на слободното време кај младите;
3. Намалување на стапката на болести на зависност на младите лица;
4. Намалување на миграцијата на младите, како на ниво на Република Северна Македонија, така и надвор од државата;

### УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ

1. Да се постави лице за комуникација со ГО;
2. Да се зголеми буџетот наменет за ГО;
3. Зголемување на бројот на жени кои учествуваат во работата на месните и урбаните заедници;

### Услуги

1. Решавање на проблемот со просторните услови на дел од ГО;
2. Формирање тела за брза реакција и доброволно противпожарно друштво;
3. Лиценцирање на ГО за испорака на одредени услуги;
4. Јакнење на капацитетите на дел од ГО за ефективно и ефикасно вклучување во давањето услуги на граѓаните;

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ**

1. Да се подобри ененертската ефикасност во јавниот и резиденцијалниот сектор;
2. Да се зголеми степенот на искористување на енергијата од обновливи извори во однос на енергијата добиена од необновливите извори;
3. Да се намали емисијата на ЦО2 на локално ниво и со тоа да се намалат штетните влијанија на климатските промени;

## СВОТ (SWOT)- анализа

СВОТ / SWOT- анализата е алатка што се користи во процеси за стратешко планирање заради донесување правилни одлуки. Целта на СВОТ / SWOT- анализата е да се идентификуваат постојните ВНАТРЕШНИ силни страни и слабости на Општина Делчево во однос на сите 4 претходно претставени предметни области, како и да се создаде јасна визија за НАДВОРЕШНИТЕ можности и закани карактеристични за ситуацијата. За време на реализацијата на работилниците во месеците ноември и декември 2023, работната група за креирање на документот направи СВОТ- анализа за сите 4 области. Резултатите од оваа анализа се поместени и претставени подолу во оваа секција од документот.

Според направената анализа може да се констатира дека постојат реални можности и соодветни локални капацитети за имплементација на најголемиот дел, односно скоро целосна имплементација на документот во предвидениот рок во сите 4 области.

**ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Постои стручен кадар во општината;<br>- Постојат институции кои имаат искуство за работа со млади;<br>- Постои соодветна законска регулатива;<br>- Постојат активни младински организации<br>- целна група млади | - Недоволна меѓуинституционална соработка;<br>- Недоволна промоција на можности;<br>- Нема младински совет кој функционира<br>- Нема заинтересираност кај дел од младите<br>- Недостик на мотивација<br>- Нема можности за млади<br>- Недоволна вклученост од страна на институциите |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |

| | |
|---|---|
| - Постојат иницијативи и државна поддршка за младински програми;<br>- Постојат можности за меѓународна поддршка на активности насочени кон младата популација;<br>- Постојат државни фондови за едукација и инклузија на млади; | - Неповолна социоекономска состојба во државата;<br>- Значителен број на сиромашни семејства;<br>- Низок степен на култура и заинтересираност кај голем дел од младите;<br>- Миграција. |

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Постои стручен кадар во општината;<br>- Постојат неколку силни ГО;<br>- Обучена администрација за изработка на проекти;<br>- Изградени механизми за соработка со ГО и доверба;<br>- Поддршка од Советот;<br>- Поддршка од училиштата;<br>- Постои интерес за афирмација на родовата еднаквост; | - Недоволна меѓуинституционална соработка;<br>- Недоволна промоција на можности;<br>- Нема официјално лице за комуникација со ГО<br>- Недоволни средства за ГО од Буџетот<br>- Неажурност и незаинересираност на дел од ГО<br>- Незаинтересираност на дел од младите за учество во креирање локални политики |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Постојат иницијативи и државна поддршка преку Агенцијата за млади и спорт;<br>- Постојат можности за меѓународна поддршка;<br>- Постојат и други државни фондови;<br>- Вклучување на бизнис- секторот;<br>- ИПА – програми;<br>- ЕУ – фондови; | - Неповолна социоекономска состојба во државата;<br>- Здравствени кризи;<br>- Енергетска криза;<br>- Заминување на младите;<br>- Намалување на ЕУ – фондовите; |

## Услуги

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Постои стручен кадар;<br>- Постојат институции (Центар за | - Недоволна меѓуинституционална соработка; |

| | |
|---|---|
| социјална работа);<br>- Постојат неколку силни ГО;<br>- Обучена администрација за изработка на проекти;<br>- Изградени механизми за соработка со ГО и доверба;<br>- Постојат просторни услови;<br>- Постојат стратешки документи;<br>- Совет за социјална заштита;<br>- Добра комуникација со граѓаните и НВО; | - Недоволна промоција на можности;<br>- Нема официјално лице за комуникација со ГО;<br>- Недоволни средства за ГО од Буџетот;<br>- Неажурност и незаинтересираност на дел од ГО. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Постојат можности за меѓународна поддршка;<br>- Постојат и други државни фондови;<br>- Вклучување на бизнис- секторот;<br>- ИПА – програми;<br>- ЕУ – фондови; | - Неповолна социоекономска состојба во државата;<br>- Здравствени кризи;<br>- Енергетска криза;<br>- Заминување на младите;<br>- Намалување на ЕУ – фондовите; |

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

| СИЛИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Постои стручен кадар;<br>- Постојат институции (јавни претпријатија);<br>- Постои соодветна локална законска регулатива;<br>- Постојат обновливи извори на енергија (Голем број на сончеви денови, енергија од ветерот, биомаса);<br>- Општината веќе работи на подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти; | -Недоволна меѓуинституционална соработка;<br>-Недоволна промоција на можности;<br>-Неурбанизирани населби / населби без урбана опрема;<br>-Нерегулиран имотно- правен статус на голем број семејства од ромската заедница;<br>-Значителен број на субстандардни живеалишта. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Постојат иницијативи и државна поддршка за подобрување на енергетската ефикасност;<br>- Постојат можности за меѓународна поддршка за подобрување на енергетската ефикасност;<br>- Постојат државни фондови за делување против влијанија на климатските промени;<br>- Вклучување на бизнис- секторот;<br>- ИПА – програми; | - Неповолна социоекономска состојба во државата;<br>- Нејасна законска регулатива;<br>- Природни непогоди;<br>- Слаба финансиска моќ за искористување на можностите;<br>- Неповолни метеоролошки елементи и појави, мразеви, град итн. |

| | |
|---|---|
| - ЕУ – енергетски фондови / Зелена агенда | |

## Цели на програмата по области на делување

**ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:*** **Задржување на младите**

***Програмска цел 1.1.*** Создавање услови за добро платени работни места

***Стратешка цел 2:*** **Подобрување на социјалниот живот на младите**

***Програмска цел 2.1.*** Креирање стимулативни мерки за НВО и бизнис- секторот за вклучување на младите во општествените случувања

***Програмска цел 2.2.*** Делегирање на надлежности на младинските организации за решавање прашања поврани со младите

***Стратешка цел 3:*** **Зголемување на свеста кај младите за опасностите од зависностите преку едукација и кампања**

***Програмска цел 3.1.*** Организирање јавни кампањи за штетноста и штетното влијание на зависностите кај младите

***Програмска цел 3.2.*** Организирање едукативни работилници во образовните институции

**УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ**

***Стратешка цел 4:*** **Зголемување на буџетските средства за поддршка на проекти и програми за ГО и обезбедување посебен фонд за поддршка на проекти**

***Програмска цел 4.1.*** Обезбедување транспарентен процес за распределба на средства од Буџетот на Општина Делчево

***Програмска цел 4.2.*** Обезбедување посебен фонд за поддршка на ЕУ- проекти и други донатори

***Стратешка цел 5:*** **Вклучување на ГО при носење локални политики / програми / стратегии**

***<u>Програмска цел 5.1.</u>*** Организирање буџетски и друг вид форуми и истражување на јавното мислење за одредени области преку анкетни прашалници

***<u>Програмска цел 5.2.</u>*** Обезбедување просторни услови за работа на дел од ГО и ЛМС

***<u>Програмска цел 5.3.</u>*** Вклучување најмалку една жена во работата на месните и урбаните Заедници

***Стратешка цел 6:*** **Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО**

***<u>Програмска цел 6.1.</u>*** Воспоставување општински регистер на ГО

***<u>Програмска цел 6.2.</u>*** Системско и континуирано јакнење на капацитетите на администрацијата на ЕЛС Делчево и ГО

## Услуги

***Стратешка цел 7:*** **Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните**

***<u>Програмска цел 7.1.</u>*** Создавање услови за развој на услуги за маргинализирани граѓани

***<u>Програмска цел 7.2.</u>*** Креирање стимулативни мерки за НВОи кои ќе се лиценцираат како провајдери за давање услуги

***<u>Програмска цел 7.3.</u>*** Намалување на процентот на млади-потенцијални зависници на девијантно однесување

## Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатски промени

***Стратешка цел 8:*** **Субвенционирање за набавка на уреди и соодветна опрема за енергетска ефикасност**

***<u>Програмска цел 8.1.</u>*** Промоција и објаснувања од експерти од областа на енергетската ефикасност преку одржување на трибини, работилници, изработка на флаери и друг вид пропаганден материјал

***<u>Програмска цел 8.2.</u>*** Креирање програми и апликации за перманентно мотивирање за набавка на енергетско-ефикасни уреди

***Стратешка цел 9:*** **Создавање на практика за осигурување на имотите од соодветни штети**

***Програмска цел 9.1.*** Едукација на заинтересирани земјоделци и други лица преку одржување работилници и состаноци

***Стратешка цел 10:*** **Намалување на интензитетот на загадување**

***Програмска цел 10.1.*** Изработка на програма за искористување на обновливите извори на енергија во регионот Пијанец-Малеш

**Активности, Мерки, Можни проекти**

**ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

1. Промоција на Законот за волонтерство.
2. Подготовка на програма за професионална практика на средношколците и студентите.
3. Промоција на мерките за самовработување.
4. Кампања за привлекување инвеститори.
5. Тековна промоција на работа од далечина.
6. Решавање на проблемот со просторните услови на дел од ГО и ЛМС.
7. Зголемување на буџетот за ГО со посебен акцент на прокти за млади.
8. Субвенции и други стимулативни мерки за вработување млади.
9. Поддршка на стартапи на млади лица.
10. Унапредување на работата на кариерниот центар при СОУ „М.М.Брицо“.
11. Селекција и лиценцирање на НВО.
12. Обука на лиценцираните НВО.
13. Поддршка со најмалку еден проект на годишно ниво на селектираните НВО.
14. Креирање годишна програма со три модули наменета за јавна кампања.
15. Подготовка на промотивни видеа и брошури.
16. Работилници за болести од зависност и нивни последици со медицински лица и експерти од областа на социјалната инклузија и социјалната заштита.

**УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ**

17. Измена и дополнување на Правилникот за распределба на средствата за ГО и спортски здруженија.
18. Обезбедување средства од Буџетот за распределба на ГО и спортски здруженија.
19. Распишување јавен повик.
20. Одлука за распределба на средства и потпишување договори.
21. Реализација на проектите/програмите.
22. Извештај за реализација на проектите/програмите.
23. Обезбедување средства во Буџетот за поддршка на ГО за реализација на ЕУ-проекти и др. донатори.
24. Објавување јавен повик до ГО, месни и урбани заедници, институции и физички лица за учество на буџетски и други форуми.
25. Одржување на форумите.

**26.** Објавување е- анкетни прашалници за истражување на јавното мислење и собирање предлози на граѓаните.
**27.** Истражување за нерешени просторни прашања на ГО.
**28.** Обезбедување простор за ГО кои имаат потреба.
**29.** Организирање средби со жени за информирање за значењето на нивното учество и ангажман во месните и урбаните заедници.
**30.** Формирање нови раководства на месни и урбани заедници, каде членува најмалку по една жена.
**31.** Организирање средби со жени за информирање за значењето на нивното учество и ангажман во месните и урбаните заедници.
**32.** Формирање нови раководства на месни и урбани заедници, каде членува најмалку по една жена.
